Секојдневието на Војомир

Филип Димевски

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

© Филип Димевски, 2025
© Бегемот, 2025

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување делови или целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Секојдневието на Војомир

Филип Димевски



Скопје, 2025

ЧОВЕК ОД ЗБОР

Енергично ги вртеше педалите на велосипедот, враќајќи се од неколку средби во градот со полни џебови зборови. Чесни, пионерски зборови, кои им ги даде на неколку пријатели и соработници. Помеѓу нив имаше и некои крупни, полнозначни, но и помали. Со други зборови, изјави за соработки, ветувања, уверувања... и најмалиот меѓу нив – зборчето „ќе“. Тоа зборче го имаше во изобилство, во двата задни џеба и неколку во ранецот. Зборчињата „важи“, „готово“, „уживај“, „средено“, исто така беа застапени обилно.

Беше човек од збор. Веќе беше познат по зборовите што ги даваше секаде, секому и во секоја пригода. Ги даваше штедро, несебично, со чувство на лична сатисфакција поради самиот чин на давање на другиот. Сега, вака на велосипедот, се чувствуваше како добар Самарјанин на своето магаре.

Повремениот ветер му ја брануваше косата, а тој радосно му јуреше во пресрет. Во мислите

анализираше сѐ што беше кажал денес, од збор до збор. Ноќниот дожд беше оставил вирови по нерамнините на асфалтот. Забрзано минуваше низ нив, пресекувајќи ги за миг на половина и прскајќи вода наоколу. Беше задоволен од денешните средби и среќен поради убавите зборови што паднаа дента. Едвај чекаше да се врати дома и да ги прегледа сите зборови што ги беше дал во текот на целиот ден.

Стигна пред својата зграда. Ја внесе шифрата во домофонот и вратата му се отвори. Го крена велосипедот на раце и го искачи на вториот кат. Потоа го истурка пред станот под број 13. Го внесе внатре велосипедот и се штрекна. Почна панично да се напипува по џебовите. Фати да ги превртува. Беа потполно празни! Ранецот исто така. Дури сега забележа дека му бил отворен целото време додека возеше со велосипедот низ градот накај дома. Пребледе кога сфати дека по пат ги изгубил сите, можеби кога задува зборовите му летнале во ветерот. На ушите имаше слушалки, немаше шанси да слушне дека му се сипат од џебовите и ранецот по тротоарот. Претпоставуваше дека поголемиот број му се истресоа од ударите во некои од безбројните улични дупки. Некои од нив несомнено му паднале во водата од вировите што ги направи дождот минатата ноќ. Ненадејните подигнувања на раката да поздрави некого што го здогледал во текот на возењето, исто така си го направиле своето, истресувајќи му некој збор од џебовите на ветровката.

Ова му се случи по којзнае кој пат. Беше бесен на себе. Сега веќе нема идеја како ќе ја исправа работава. Беше свесен дека денес даде многу големи зборови. Знаеше дека луѓето ќе го држат за збор. Го обзеде очај. Уште утре ќе почнат да ѕвонат да прашуваат до каде е работата што ја договорил со некој од нив. Се запрепасти кога сфати дека не е можно да се сети кој збор кому му го дал.

Повторно остана без зборови, како да му потонаа во уличните вирови, заедно со сите негови бродови полни со ветувања и гранитни уверувања.